Врз основа на член 24 став (1) алинеа (5), а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), во постапката за преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги и определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 12.02.2016 го донесе следното

# О Д Л У К А

I

СЕ ОТПОВИКУВА Решението бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година, со која операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје е определен за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало – Минимален пакет на изнајмени линии на географското подрачје на Република Македонија.

II

На операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му СЕ ОТПОВИКУВААТ следните обврски:

- обврска за транспарентност при интерконекција или пристап,
- обврска за недискриминација при интерконекција или пристап и
- контрола на цени.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

IV

Одлуката е конечна.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, Пазар бр. 3 - Минимален пакет на изнајмени линии.

Во финалниот документ од анализата на Пазар бр. 3 - Минимален пакет на изнајмени линии заведен под број 1306-23/195 од 13.11.2015 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го исполнува три критериум тестот односно не се исполнети сите три критериуми кумулативно за да пазарот подлежи и понатаму на претходна (ех анте) регулација согласно членот 80 став (2) од Законот за електронските комуникации. Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека пазарот е ефективно конкурентен при што не определи ниту еден оператор како оператор со

значителна пазарна моќ согласно со членот 76 ставови (1) и (2) од Законот за електронски комуникации.

Според тоа, согласно членот 82 став (3) од Законот за електронски комуникации, операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, повеќе не поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен малопродажен пазар. Според членот 82 став (4) од истиот Закон се отповикуваат обврските кои се наметнати со Решение бр. 03-2358/2 од 01.04.2010 година.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронски комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

Раководител на Одделение за
анализа на пазарите
Марјан Пејовски

Раководител на Сектор за регулатива
Васка Петровиќ

Советник за прашања од областа на регулативата
Владимир Ристевски

Директор
Сашо Димитријоски

Наш број: 1302 - 692/1
Скопје, 12.02.2016 година

Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk
www.aek.mk